**ЗАПИСНИК**
**од 34-та седница на Советот**
**одржана на 24.08.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи, Замир Мехмети, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, м-р Методија Јанчески, м-р Борис Арсов, Методи Стоименовски, м-р Васко Петревски Антонио Јовановски, Селадин Џезаири.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Алма Машовиќ (породилно отсуство), акад. Бојан Шоптрајанов (годишен одмор), Бранко Радовановиќ (годишен одмор), Столе Наумов (годишен одмор).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Борче Маневски, Цветанка Митревска и Ивана Каракушева.

**Други присутни:** Седницата беше затворена за медиумите, од причина што станува збор за деловен однос на Советот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 34-та седница на Советот за радиодифузија. Понуди предлог за дополнување на дневниот ред, Предлог-Одлуката за изменување на одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-4367/1 од 22.08.2012 година, односно бидејќи еден од вработените соработници е на годишен одмор да се направи измена во комисијата за јавни набавки. Советот, вклучувајќи го и предлогот за дополнување на дневниот ред, едногласно, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Изменување на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012 година.
2. Изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-4100/1 од 27.07.2012 година.
3. Договор за спроведување на групна јавна набавка за изградба на административен објект.
4. Предлог-Одлука за репрезентација за јубилејот "15 години Совет за радиодифузија на РМ".
5. Предлог-Одлуката за изменување на одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-4367/1 од 22.08.2012 година.

**Точка 1**

Советот го разгледа Изменувањето на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012 година.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, објасни дека со цел да се обезбедат средства за изградба на деловен објект на Советот за радиодифузија на РМ, се предлага да се изврши Ребаланс на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012 година.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во однос на првата точка од дневниот ред, Изменување на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012 година, рече дека чуствува големо задоволство во однос на остварување на зацртаниот и усвоен план за изградба на деловен објект на Советот за радиодифузија на РМ. Бидејќи се започнуваа со изградба на многугодишниот посакуван деловен објект на Советот, нема дилема за поддршка на точката од дневниот ред.

Советот со 11 гласа „за“ донесе едногласна одлука за усвојување на Ребалансот на Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

Советот донесе одлука да се изврши Ребаланс на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012 година, со цел да се обезбедат средства за изградба на деловен објект на Советот за радиодифузија на РМ,.

**Точка 2**

Советот го разгледа Изменувањето и дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-4100/1 од 27.07.2012 година.

Советот со 11 гласа „за“ едногласно го усвои предложеното Изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст), бр.01-4100/1 од 27.07.2012 година.

Советот одлучи, согласно потребите на Советот за радиодифузија на РМ кои произлегоа по донесувањето и усвојувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-4100/1 од 27.07.2012 година, а во врска со членот 26 став 3 од Законот за јавните набавки, потребно е постојниот Годишен план за јавни набавки за 2012 година, да се измени и дополни, и тоа:

Во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, по ставката 42 се додава 1 (една) нова ставка, која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 43. | Изработка на проектна документација за деловен објект за потребите на Советот за радиодифузија на РМ | | август | Конкурс за избор на идејно решение (групна набавка) | 600.000,00 |

За предложеното дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година на Советот за радиодифузија на РМ бр.01-4100/1 од 27.07.2012 година, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012-та година.

**Точка 3**

Советот го разгледа предложенот Договор за спроведување на групна јавна набавка за изградба на административен објект.

Советот едногласно одлучи да потпише Договорот за спроведување на групна јавна набавка за изградба на административен објект, бр.15-5104/1 од 23.08.2012 година.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да испрати допис до Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ, во кој ќе побара од неа континуирано да го информира Советот за радиодифузија на РМ за сите трансакции околу изградбата на административниот објект.

**Точка 4**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за репрезентација за јубилејот "15 години Совет за радиодифузија на РМ".

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски во однос на активностите поврзани со јубилејот, информира дека на 05.09. 2012 година во 12 часот во салата на Ректоратот на УКИМ ќе се одржи свечена седница на Советот за радиодифузија, а во Хотелот Александар Палас со почеток во 19 часот ќе се одржи свечен прием по повод јубилејот "15 години Совет за радиодифузија на РМ".

Советот донесе одлука да се одобрат средства за покривање на трошоците за репрезентација по повод прославата која ќе биде организирана за одбележување на јубилејот – 15 години од основањето на Советот за радиодифузија на Република Македонија, во вкупен износ од 200.000,00 денари, со ДДВ.

**Точка 5**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за изменување на одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-4367/1 од 22.08.2012 година

Советот донесе едногласна одлука за изменување на одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-4367/1 од 22.08.2012 година.

Во Одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-4367/1 од 22.08.2012 година, во точка 6, алинеја 1 и во образложението, се вршат следните измени, и тоа:

- зборовите „ со заменик Јордан Ѓорѓиевски, се менуваат со зборовите:

„ со заменик Тања Пачоска “.

Во останатите одредби, Одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-4367/1 од 22.08.2012 година, останува неизменета.

**Точка 6**
**Разно**

**Бр.02-4392/7**
**19.09.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*